ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **21.06.2021 година** во 09:00 часот во Голема Сала на општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** Раководител на правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **–Маја Костадиновска,** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Советник-Одговорен сметководител **Марија Златановска,** Раководител за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Раководителот на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Отсутен од колегиум

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи,финансиски прашања и локален економски развој беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Да се направи промена на Решение за комисија за градежно земјиште.

-Координација со работната група при изготвување на рамка за реализација на предвидени културни настани за оваа година

-Да се види за начинот за докупување на градежна парцела кај градската депонија

-Да напарави консултации со АФПЗР за исплата на сретства за патот Лиска- Стублица

-Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Од страна на Советниокт Марија Златановска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Тековни активности

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се даде налог на Мелтон за поставуавње на поправка на урбана опрема на повеќе локации во општината .

-Кире Велески да изврши ажурирање на проекти со кои располага општината и да ги забрза постапките за добивање на одобрение за градење.

-Кире Велески да ја комплетира документацијата за одобрение за градба за Кошари

-Да се даде налог да се интензивират активностите со крпење на ударни дупки, и да се посочи на фирмата да го отстранува страничниот шут што е ваден при работење.

-Да се даде налог изработка за основен проект за пешачка патека „Трновска патека“.

-Да се извести Ацо Голубовски дека матријалите и опремата кои се вадат при реализација на ЈПП за јавно осветлување треба да се складират во касарна .

-Да се набават елаборати и список за индикации и да се достават до урбанизам за водовод „Градец“ и локален пат од ул.Климент Охридски кон с.Мартиница

-Да се нарача елаборат и да се изврши одбележување на спорен дел на ул.Панче Пешев

-Да се види со Конструктор да ги затвори дупките накај црквата и кај Богас

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина –Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се закаже состанок со конзерваторски центар за блок 7А во среда или четврток

-Да се даде известување и да се закаже авионско третирање на комарци за среда 23.06.2021 година, и да се назначи лице кое ќе врши контрола при полнење на пестицидите

-Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија Антонио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-До Биро за регионален развој да се прати пресметка за Кошари

-Да се свика состанок за рамката на културни настани кои ќе се реализираат оваа година со НУ Центар за култура, работна група и ЛУ Градски Музеј

- Да се известат вработените кои учествуваат во изработка на Локалната стратегија, дека ќе се одржи работилница во среда 23.06.2021 година

-Да се исконтактира со Босилиград и Ќустендил околу средбата на тромеѓе на 12.07.2021 што се планира, и кои се обврски на Општина Крива Паланка

-Да се даде налог за Станечки водопади

-Тековни активности

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се види правно за начинот за докупување на градежна парцела кај градската депонија,

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

На колегиум присуствуваше Раководителот на правни и општи работи Даниела Велевска .

-Тековни активности

-Да се започне со предлози за експропријација за ул.Вршачка

-Да се следи изработениот план за антикорупција и акцискиот план и да се достави известување за веб старната на Општина Крива Паланка

Од страна на Билјана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Информација за завршени и нови јавни набавки и други тековни активности на одделението.

-Да се закаже седница на совет на општина на 28.06.2021година .

-Тековни активности

**Одделение за инспекциски надзор**

-Од страна на Раководителот за испекциски надзор беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да излезе на терен градежниот испектор со лице од одд.за комунални работи да се види за проблемот на ул.Панче Пешев приајвен од граѓани

-Тековни активности

**ЈП Комуналец**

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Со изведувачот за работа на Градски плоштад да се види за поставување на хидрантска мрежа и наводнување.

-По завршување на работата кај Трештен Дол да се продолжи со уредување на просторот кај Тутунска Банка и Соларски мост.

-Да се стават во функција јавните тоалети во градот .

-Да се изгради бајпас на фекалната канализациона мрежа помеѓу Стара чаршија и речното корито за регулирањето на отпадните води при големи води.

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Организација на настан за Промоција на книга за монографија на познати фамилии од Општина Крива Паланка
- Организирање состанок со работната група, НУ Центар за кулура за рамка на предвидени културни настани кои ќе се одржуваат оваа година .

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

**-До 05.07.2021 година дда се достави план за користење на годинни одмори до Одделение за човечки ресурси,**

**-До 01.07.2021 година да се достави извештај за обуки до Одделение за човечки ресурски.**

**21.06.2021 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Биљана Тасевска**